РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-4105/14
02-04-2018 201 __ год.
СКОПЈЕ

Јавно претпријатие за државни патишта

---

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, формата и содржината на интерниот оглас

Објавено на огласна табла во ЈПДП на ден 03.04.2018

Објавено на огласна табла на НС Глумово, Желино, Тетово, Гостивар, Петровец, Миладиновци, Романовце, Сопот, Градско, Отовица на ден 03.04.2018 год.

март 2018 година

Врз основа на член 37 – њ од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. број 38/96, 9/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 6/15 и 39/16) и член 20 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта донесе

# ПРАВИЛНИК

## за постапката за унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта

### Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката за унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата и интервјуто за унапредување, како и начинот на бодирање.

### Член 2

За започнување на постапка за унапредување на давател на јавна услуга, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта донесува Одлука за пополнување на слободно работно место по пат на објавување на интерен оглас.

### Член 3

Давателот на јавна услуга може да биде унапреден на работно место со повисоко звање, доколку:

- работното место на кое се унапредува е слободно
- ги исполнува условите утврдени со актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето,
- да е оценет со оцена „4" или „5“ при последното оценување,
- да поминал минимум 6 месеци на работно место на непосредно пониско ниво или да поминал минимум 6 месеци на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- да не му е изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

### Член 4

За спроведување на постапката за унапредување на давател на јавна услуга, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта формира Комисијата за селекција во постапка за унапредување на даватели на јавни услуги.

Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од три члена, претседател и двајца членови, како и нивни заменици.

Претседател на комисијата е раководен давател на јавна услуга од организационата единица во која се пополнува работното место преку постапка за унапредување, а членови се двајца даватели на јавни услуги на исто ниво како работното место место кое се пополнува преку постапка за унапредување.

По исклучок од ставот 3 на овој член, во организационата единица во која нема раководен давател на јавна услуга или даватели на јавни услуги на исто ниво како работното место кое се пополнува преку постапка за унапредување комисијата ја сочинуваат кои било тројца вработени со статус на даватели на јавни услуги од јавното претпријатие.

Член 5

Интерниот оглас се објавува во електронска форма на веб страната на институцијата и истиот ги содржи следните податоци:

- назив на институцијата,
- основ за објавување на огласот,
- број на огласот,
- за секое различно огласено работно место: шифра и назив на работното место и број на извршители,
- за секое различно огласено работно место: посебни услови за работното место пропишани со закон и со актот за систематизација на работните места,
- информации за начинот и рокот за доставување на пријавата за унапредување,
- напомена дека кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Член 6

По објавениот интерен оглас, заинтересираниот давател на јавна услуга поднесува пополнета пријава, која е составен дел на овој Правилник и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Јавното претпријатие за државни патишта.

Член 7

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во јавното претпријатие се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази кон пријавата и интервју

Член 8

Комисијата за селекција во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на кандидатите ги разгледува пријавите за унапредување со доставените докази, како и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати, со цел да се направи проверка дали кандидатите ги исполнуваат условите за унапредување.

Член 9

По завршување на селекцијата, Комисијата составува записник.

Со записникот, за секое различно работно место од огласот се приложуваат:

- список на неуредни и уредни кандидати, која ги содржи следните податоци: име и презиме на секој неуреден кандидат и причина за неговата неуредност, име и презиме на секој од уредните кандидати и листа на кандидати кои продолжуваат на интервју, со име и презиме, како и ден и час на одржување на интервјуто.

Член 10

Интервјуто на кандидатите за унапредување на работно место се врши од страна на Комисијата.

За денот, часот и местото на одржување на интервјуто кандидатите се известуваат електронски.

На интервјуто може да се поставуваат прашања во усна или писмена форма или комбинација на двете форми.

Член 11

Интервјуто го води претседателот на Комисијата кој обезбедува еднаков и фер однос кон сите кандидати.

По завршување на интервјуто, Комисијата составува записник во кој е содржан список на кандидати со кои е спроведено интервј и освоени бодови од интервјуто.

Член 12

По составувањето на записникот врз основа на вкупно освоените бодови од интервјуто, Комисијата за секое различно работно место од огласот подготвува финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат.

Член 13

Директорот на јавното претпријатие, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 11 од овој Правилник носи Одлука за избор.

Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на јавното претпријатие.

Член 14

Против одлуката од ставот 1 на овој член незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Управниот одбор на Јавното претпријатие.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, директорот на јавното претпријатие носи решение за распоредување на давателот на јавна услуга.

Член 15

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Управен одбор

Претседател

Љупка Цикарска

## ПРИЈАВА на оглас за унапредување

| | |
|---|---|
| **ПОДАТОЦИ ЗА ОГЛАСОТ за унапредување** | |
| Број на оглас: | |
| Реден број на работно/и место/а во огласот за кое/и се пријавувате: | |
| **ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ (податоци од лична карта)** | |
| Име и презиме: | |
| Датум и место на раѓање: | |
| Пол: | ☐ М ☐ Ж *означете со X |
| ЕМБГ: | |
| Националност | |
| Адреса на живеење: *внесете улица, број и место | |
| **КОНТАКТ ПОДАТОЦИ (доколку се различни од податоците во личната карта)** | |
| Адреса: *внесете улица, број и место | |
| Телефон: | |
| е-пошта: | |
| **ПОСЕБНИ УСЛОВИ** | |
| Степен на образование: | ☐ IV ☐ VI ☐ VII/1 ☐ VII/2 ☐ VIII *означете со X |
| Вид на образование:<br>- образовна институција<br>- насока | |
| Број на диплома и датум на завршување: | |
| Држава на завршување на образованието: | |
| Работно искуство во струката: | ☐ години и ☐ месеци |
| - работно место на кое сте распоредени во ЈПДП и датум од кога | |
| Кон пријавата доставувам | |

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни и дека на барање на установата ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена кај нотар.

Се согласувам сите известувања во врска со огласот да ги добивам на доставената e-mail адреса или преку SMS порака на доставениот мобилен телефон.
Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

| | |
|---|---|
| Датум на пријавување: | |
| Потпис на кандидатот: | |